## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 мај 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,31 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теуата Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Елмазе Селмани, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Марјан Додовски, Валентина Божиновска, Зоран Витанов, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска и Владо Бучковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со точката 4 - Предлог на закон за рамноправен регионален развој.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претрес по амандманот на член 6 за менување на став 4, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Борис Кондарко, Влатко Серафимов, Ацо Киров, Никола Ќуркчиев, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Верица Филипова, Весна Бендевска, Мери Младеновска-Ѓоргиевска, Благородна Цветковска и Едас Рахиќ.

Бидејќи, господинот Ќуркчиев Никола не е присутен, збор има госпоѓа Грковска Славица.

Повелете, имате збор.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа што на мојот повик вчера да се најде еден храбар од парламентарното мнозинство и да одговори зошто пратениците од парламентарното мнозинство сметаат дека овој амандман, со кој што предлагаме Собранието на Република Македонија да ја донесува листата на подрачја со специфични развојни потреби на предлог на Владата на Република Македонија, не треба да се прифати. Единствениот храбар од парламентарното мнозинство беше госпоѓата Лилјана Поповска, која објасни од името на парламентарното мнозинство зошто ќе гласаат против, станува јасно дека парламентарното мнозинство во суштина не знае за што се работи. Најверојатно, заради тоа што воопшто не беа присутни во салата и дека дојдоа непосредно пред чинот на гласање за претходниот амандман, претпоставувам дека госпоѓата Поповска и останатите од парламентарното мнозинство пратеници воопшто не знаат за кој амандман станува збор и за што дискутираме. Тоа уште еднаш укажува на несериозноста со која што се приоѓа при дискусијата за законите кои што треба да ги разгледуваме во овој законодавен дом, уште повеќе за законите кои што се од вакво значење, како што е Законот за рамномерен регионален развој.

Останува нејасно за какви региони зборуваше госпоѓата Поповска. Заради тоа што, овој амандман воопшто не ги тангира регионите. За госпоѓата Поповска и за парламентарното мнозинство било сосема јасно дека регионите треба да ги определува Владата, затоа што се работи за стручен технички критериум, кој што може да се разгледува на стручно ниво преку владини служби. А, дека наводно Собранието со 120 пратеници и сите политички партии ќе влијаеле битно на стручно-техничките критериуми и ќе се воделе по чисто политички критериуми. Тогаш, дајте да го укинеме Собранието, да не дискутираме тука по останатите закони, Владата нека предлага закони, заради тоа што Владата има капацитет од стручно техничко ниво да ги предлага решенијата, нека ги усвојува Владата сите закони и онака со закон ги одзема ингеренциите на Собранието, па барем да имаме јасна ситуација. Имаме тоталитарен систем, апсолутистичка Влада која што ги има ингеренциите на Собранието, нема институции кои што независно функционираат, нема поделба на власта, на законодавна, извршна и судска, со оглед на тоа што Владата не само што става капа врз Собранието, туку става капа и врз судовите, па барем да имаме јасна ситуација во каков систем функционираме. Значи, пратениците од парламентарното мнозинство нема да гласаат за овој амандман, заради тоа што не знаат за кој амандман дискутираме, не знаат што се предлага со овој амандман дури и да прифатам еве се смета дека Владата може од стручен аспект да ги предлага решенијата, тоа не е во колизија со она што амандманот го предлага, а тоа е Собранието да донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби на Предлог на Владата на Република Македонија.

Јас не знам зошто се плаши парламентарното мнозинство и зошто парламентарното мнозинство и пратениците сметаат “Штетно влијание би можела да има расправата за определување на регионите во Собранието”. Замислете, расправа во Собранието на Република Македонија би можела штетно да влијае. Јас се прашувам за кого? За кого би можело да влијае штетно расправата во Собранието на Република Македонија, не само за региони, туку и за други прашања што ги тангираат граѓаните на Република Македонија. Од кога престана Собранието да биде претставнички дом на граѓаните на Република Македонија и тука да се отвораат сите прашања кои што ги тангираат граѓаните и од кога е тоа штетно за демократијата во Република Македонија.

Мислам дека се претешки и пресериозни аргументите, со кои што парламентарното

мнозинство вчера настапи преку госпоѓата Лилјана Поповска. Јас не знам дали и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ги делат овие аргументи, заради тоа што госпоѓата Поповска сама се повика да одговори од име на парламентарното мнозинство и да го одбие предлогот односно да одговори зошто го одбила предлогот на опозицијата за овој амандман. Меѓутоа, јас еве ќе повикам уште еднаш до пратениците од парламентарното мнозинство да го сочуваат дигнитетот на Собранието на Република Македонија и да ги сочуваат неговите ингеренции, заради тоа што неприфаќањето на овој амандман во суштина овозможува Владата со закон да ги зема ингеренциите на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Лилјана Поповска има реплика.

Повелете, вашите три минути.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван господине претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници,

Мене ми е многу мило што слушам од колешката Грковска одбрана на Собранието, практично со исти зборови со кои што јас 4 години се залагав да си го добие своето значење Собранието и ме радува што сме на иста линија на тој план.

Инаку, недозволиво е колешке, да вадите од контекст зборови и да тврдите дека некој не разбрал или не знае што зборува. Мислам дека најмалку тоа е навредливо и не би требало на тој начин да си се обраќаме едни кон други. Инаку, што се однесува до регионите не можам јас да тврдам дека не треба Собранието да расправа за регионите кога ние пред нас имаме закон за рамномерен регионален развој со шеми на регионите пред нас. Значи, ние токму тоа го правиме. Ние расправаме за регионите. Значи, да не ги вадиме зборовите од контекст. Инаку, јас и понатаму тврдам, а ќе повторам и сега сметам дека листите на подрачја, како што прецизно потсетивте треба да се водат и да се прават спрема стручно техничките критериуми, а не спрема политичките. Затоа што, во многу случаи ние во Македонија си наштетуваме кога политиката, политиката и голиот пазар ги ставаме над стручно техничките критериуми. значи и понатаму се залагам за истото. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам вас.

Повелете госпоѓо Грковска, вашата контра реплика.

**Славица Грковска:** Мене многу ми е жал госпоѓо Поповска што со ова уште еднаш потврдивте дека не знаете за кој амандман дискутираме. Ние точно расправаме за закон за рамномерен регионален развој, меѓутоа расправаме за амандманот со кој што се предлага Собранието да донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби на предлог на Владата на Република Македонија, што е сосема различно од регионите. Очигледно, вашето неприсуство на седницата ве доведува во ваква ситуација, што најмалку зборува за вашиот ангажман во текот на дискусијата за овој закон.

Инаку, ако е од стручно технички критериуми, тогаш не знам зошто се плашите на предлог на Владата, Собранието да расправа за листата на подрачја со специфични развојни потреби. Ова го потенцирам, заради тоа што тоа е сосема различно со региони. Се надевам дека ќе ви стане јасно до крајот на расправата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен извештај за точниот број пратеници во салаа.

Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата да дојдат и да ги заземат своите места.

Ги молам службите да бидат љубезни уште еднаш да пребројат.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 10, воздржани нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 4, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Ацо Киров, Влатко Серафимов, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Игор Ивановски, Верица Филипова, Борис Коднарко и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Текстот на овој амандман понуден од пратеничката група на СДСМ е усогласен со министерот за локална самоуправа, со мене, со мали измени се прифаќа. Точно ќе прочитам како Владата го прифаќа овој амандман.

Во член 6 став 4 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “на предлог на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија”.

**Љубиша Георгиевски:** Дали предлагачот на амандманот се согласува со вака прифатен амандман од Владата како што беше прочитан од страна на министерот?

Кој ќе одговори на прашањето дали се согласува предлагачот на амандманот со вака формулиран амандман од страна на Владата и вака прифатен.

**Никола Ќуркчиев:** Се извинувам, би замолил почитуван претседателе, дали може министерот уште еднаш точно да го прецизира како ќе изгледа овој член.

**Љубиша Георгиевски:** Се надевам дека министерот ја исполни вашата желба, јас би сакал да внимавате кога министерот зборува, се работи за важен амандман.

Повелете господине министре, ве молам уште еднаш да ја повторите формулацијата.

**Зоран Коњановски:** Во член 6 став 4 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “на предлог на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија”.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е прифатен и станува дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 5, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Влатко Серафимов, Благородна Цветковска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, господинот министер Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Овој амандман од страна на Владата не се прифаќа затоа што тоа е само програма за развој на просторот, за планирање на просторот додека овој закон е за сеопфатен развој на целиот регион. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, амандманот не се прифаќа.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Господине Коњановски вашето образложение зошто не го прифаќате овој амандман, значи листата на подрачја со специфични развојни потреби е составен дел на Програмата за спроведување на Просторниот план која се ревидира секоја втора година не држи вода, со оглед на тоа што вие во основата на законот ни предлагате конструкцијата на планските региони да содејствува право пропорционално на територијалната поделба според статистички единици на Република Македонија кое за нас беше апсолутно неприфатливо, сега со комплетно различен аршин не го прифаќате овој амандман.

Станува збор за акти на Владата во првиот случај за статистичките единици-прифатливо за вас, а неприфатливо за нас, да не се повторувам со дискусиите од минатиот ден, сега сметате дека е неприфатливо Владата на предлог на Министерството надлежно за работите на просторно планирање да донесува програма за спроведување на Просторниот план и секоја втора година да се ревидира листата на подрачја со специфични развојни потреби апропо рамномерниот регионален развој.

Навистина барам објаснување, логично, конзистентно, ваше размислување кое држи вода. Зошто сметате дека е подобро решение она што ни го нудите. Дека листата на подрачја со специфични развојни потреби треба да се ревидира секоја петта година од страна на Владата на Република Македонија.

Кога ќе го добиеме тоа ваше гледање, ваше комплетно објаснување, се надевам дека не само ние опозиционите пратеници, туку и пратениците од владеачкото мнозинство ќе можат да формулираат свој правилен став околу гласањето на нашиот амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе и јас да се вклучам во поддршка на амандманот од дел од пратениците поддржан од пратеничката група на СДСМ иако е многу тешко да зборуваме за секоја алинеја поединечно, мораме да го гледаме целиот член од еден поширок аспект и без разлика што пред малку една половична варијанта се усогласи, сепак останува дилемата дали ќе дојдеме до вистинските подрачја со специфични развојни потреби само со акт на Владата или ќе можеме тоа да го направиме со Советот за рамномерен регионален развој, кој се надевам дека во интерна комуникација ќе ја добие вистинската информација од ЗЕЛС.

Реков не можеме да го гледаме овој амандман изолирано, бидејќи целиот концепт и на законот и на амандманот 6 се базира на приоритетот или на монополот што се дава на Владата во носењето на одлуките и дефинирањето на подрачјата врз база на некои критериуми, областите, регионите и тн.

Прво, концептуално мислам дека се погреши што не се прифати амандманот специфичните развојни подрачја да бидат утврдени со закон во рамките на Просторниот план на Република Македонија.

Да потсетам, според Уставот Собранието не за џабе е напишано во Уставот дека донесува Просторен план на Република Македонија за да генералната политика или генералната развојна политика биде не само транспарентна, туку да биде донесена во Собранието со еден широк консензус, со долгорочна стратегија, а да не зависи од моменталниот состав и коалиционите партнери на една или друга Влада.

Затоа, кога се одби амандманот за Просторниот план подрачјата да бидат дефинирани согласно Просторниот план што реков дека е уставна категорија, тогаш имаме малку простор да интервенираме. Овој амандман ја нуди таа шанса повторно развојните подрачја, мислам на специфичните да бидат дефинирани во рамките на Просторниот план, бидејќи и со Законот за спроведување на Просторниот план надлежното Министерство донесува Програма за спроведување на Просторниот план и не можат да бидат исклучени со еден закон, реков закон за рамномерен регионален развој, но да биде бајпасиран Уставот во членот 68 каде на Собранието му се дава право да дебатира и го донесе Просторниот план на Република Македонија.

Вчера господинот Поповски зборуваше, а денеска колешката Бендевска дека прво имаме хендикеп со дефиницијата дека Владата донесува листа на

подрачја. Таа листа на подрачја треба да биде преточена во некој акт, некоја одлука, а да не биде само набројана работа која ќе се појави во Службен весник.

Листата на подрачја ќе се ревидира согласно Предлог-законот на секои пет години, но повторно се остава дилемата како тоа ќе го направи Владата, дали тоа Владата ќе го направи, согласно алинеја 4 или ќе го ставиме во една нормална законска рамка, а тоа е согласно Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија и ќе ги ревидираме врз база на тие развојни потреби што ќе бидат како генерални правци дефинирани овде во Собранието.

Амандманот, за жал, не може да го поправи целиот погрешен концепт, а тоа е монополската позиција на Владата во однос на дефинирањето на рамномерниот регионален развој наспроти уставната загарантираност тоа да го направи Собранието, но ако го ставиме во законските рамки како што реков во Законот за спроведување на Просторниот план и ревидирањето да биде согласно тој Просторен план што го носи Собранието со широк консензус, тогаш ќе биде многу полесно на некоја друга влада, истата, сеедно, да може на реални основи да ги осети потребите од она што се случува во Република Македонија.

Уште еднаш да нагласам, се надевам дека претходно усогласениот амандман дека Советот за рамномерниот регионален развој ќе успее во интерна комуникација да ја добие вистинската поддршка од ЗЕЛС затоа што на тоа не обврзува и Законот за локална самоуправа во членовите 78, 79, 80 и 81, многу пати ги напоменавме, лошо е закон што се носи со 2/3 да мислиме дека можеме да го бајпасираме со еден закон кој се носи со просто мнозинство.

Имено, да потсетам, согласно Законот за локална самоуправа Владата не може да влезе во законски проекти до колку претходно нема поддршка или усогласеност со општините. Тоа е голем хендикеп на предложениот закон за рамномерен регионален развој, клучната поддршка од ЗЕЛС во овој момент како хартија, како документ ја немаме, а од друга страна се занемарува Просторниот план на Република Македонија кој се носи со широк консензус овде во Собранието и единствената шанса со овој амандман малку од малку да ја поправиме работата специфичните развојни подрачја дефинирани во посебна глава да бидат во некоја законска рамка прифаќајки го предложениот амандман од група пратеници од СДСМ.

Понатаму правно ќе се толкува дали можеме да носиме закон кој не е во согласност со Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија "Службен весник број 39/2004 година", но се надевам дека праксата ќе го покаже, а потоа правната процедура, Уставниот суд дали можеме да донесеме таков закон, но лошо е што целиот концепт на Владата се базира на една монополистичка позиција дадена на Владата што ја приграбува од Собранието на Министерството кое гледаме дека до крајот на неделата ќе го промени министерот кој е предлагач на овој закон, па да се надеваме, да собереме сили да успееме до крајот на неделата, додека не дојде до промена на министерот, овој закон да го донесеме или да не го оставиме на товар на новиот министер кој додека се снајде ќе отидат сите возови за Европа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Коњановски, министер за локална самоуправа побара збор, повелете.

**Зоран Коњановски:** Прво, навистина би сакал овој закон да биде на мој товар затоа што долго време се мачевме со донесувањето на овој закон, а за неколку месеци успеавме да го поставиме пред вас почитувани пратеници.

Второ, би сакал да кажам дека апсолутно не е вистина дека ЗЕЛС не дава поддршка на овој закон и дека не се комуницирани градоначалниците.

Трето што сакавте да наметнете во овој Парламент преку неколку амандмани дека Владата презема голема моќ и таа ја предлага листата на подрачја со специфични потреби, дека тоа е работа на Собранието на Република Македонија, сакам само да напоменам дека во член 17 став 3 пишува вака: "Советот за рамномерен регионален развој ја утврдува предлог листата за подрачја со специфични развојни потреби". Значи, оттука се гледа дека апсолутно се комуницирани градоначалниците при изготвувањето на листата со специфични подрачја, бидејќи во Советот за рамномерен регионален развој осум градоначалници учествуваа.

Понатаму, никаде не пишува во законот дека листата на подрачја со специфични потреби ќе биде изготвена надвор од Просторниот план. Напротив, меѓутоа, дозволете дека во таа листа можат да се најдат и други подрачја кои се со специфични потреби. Во член 8 многу јасно пишува: "планските документи се усогласуваат со Просторниот план на Република Македонија, стратешките развојни документи на национално ниво и програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија". Тоа покажува дека носењето на листата на подрачја со специфични развојни потреби ќе биде комуницирано и со планските документи односно со Просторниот план на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика за господинот Јани Макрадули, вашите три минути, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Да укажам односно реплицирам во два дела.

Прво, не знам зошто министерот Коњановски не го прифати амандманот што го кажавме други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон согласно Просторниот план на

Република Македонија. Ако се повикуваме на Просторниот план, тогаш зошто се отфрли амандманот да бидат дефинирани во рамките на Просторниот план. Но, вие ја кажавте вистината или она што ние сме загрижени, рековте секако ќе се почитува Просторниот план, но има и некои други подрачја. Е, за тие други ние сме загрижени. Кои се тоа други? Секогаш кога има недефинирани работи, секогаш кога постојат некои други, а што се дел, са жал, од политички пазарења, тогаш дозволете во Собранието да ја изразиме нашата загриженост. Инаку, до колку вие го прифатевте амандманот да пишува други подрачја со специфични развојни потреби утврдени или дефинирани во Просторниот план на Република Македонија, тогаш ние ќе ги повлечевме овие два амандмани што се однесуваат на тоа, тогаш немаше да дебатираме.

Сигурно сте имале комуникација со ЗЕЛС, но јас се повикувам на законот каде соработката меѓу Владата и општините во членот 80 што се однесува на закни што се однесуваат на општините резултира со извештај, со документ, со хартија што ќе се појави овде на собраниските клупи и ние ќе можеме да го прочитаме.

Значи, имаме законска обврска таа комуникација да ја имате вие, таа комуникација што сте ја имале со ЗЕЛС да ја видиме овде, бидејќи така вели членот 80, инаку ќе шпекулираме вие од една страна, ние од друга страна дали се задоволни или не се задоволни, но тоа треба да резултира согласно закнот со извештај кој треба да биде на маса и за тоа да дебатираме. Тоа е нашата загриженост и нашите коментари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има министерот за локална самоуправа, господинот Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Почитуван пратениче, не известивте дека сте загрижени затоа што на тие листи може да се најдат и други подрачја со специфични развојни потреби, кои се надвор од просторниот план. И ние како Влада, навистина сме загрижени а ваквите подрачја, меѓутоа покажуваме интерес за да ги решиме тие проблеми. Еве конкретно ќе ви кажам. Едно такво подрачје кое не е во Просторниот урбанистички план, а можеби ќе се најде и најверојатно ќе се најде во овој закон е клизиштето во Велес. За такви подрачја зборува, или за подрачја кои перманентно се поплавувани. Тие не се во Просторниот план на Република Македонија, меѓутоа ние како Влада покажуваме интерес за решавање на проблемите на тие подрачја.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика на претходното излагање на господинот Макрадули има господинот Гарип Каба.

**Гарип Каба:** Благодарам господине претседател.

Јас мојата реплика би ја насочил кон опозиционата група односно кон господинот Макрадули и пратеничката група на СДСМ кои вчера во нивните доста долги дискусии и мислам не многу плодни, дадоа едно учење на Парламентот кое е темно. Мислам дека истата намера им е и денес бидејќи нема ништо ново во нивните дискусии по однос на амандманите што тие ги поднеле.

Колку што ги имам прелистано амандманите што ги поднела нивната пратеничка група, тие не носат ништо ново кое би променило нешто во предлогот што е поднесен од Владата. Дотолку повеќе, господинот Макрадули и тие малку пратеници кои се тука присутни за да ги бранат предложените амандмани поднесени од нивната парламентарна група, тука е и госпоѓа Бендевска и другите, мислам се премногу заморни нивните провокации што ги прават во овој Парламент.

Господинот Макрадули не треба да прејудицира за теми кои се надвор од дневниот ред, на пример по однос на прашањето кога ќе се смени министерот за локална самоуправа и кој треба да биде следниот министер за локална самоуправа. Тука сме да дискутираме за конкретни работи, а не да зборуваме за некои рејтинзи. Мислам дека рејтингот на СДСМ со овие дискусии не е во пораст туку од ден на ден има драстичен пад. И оваа моја дискусија сигурно ќе служи за порастот на нивниот рејтинг. Затоа ги поканувам сите пратеници од позицијата, навистина нема потреба да ги слушаат нивните дискусии.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Макрадули.

**Јани Макрадули:** Господине претседателе мислам дека тоа не беше реплика. Тоа беше изјава на ДПА во однос на СДСМ, што со индигнација ја отфрлам и мислам дека е недостојна на комуникацијата што овде ја имаме.

Ако пратениците од ДПА не ги читаат законите, барем нека читаат весници дека ќе има смена на министерот. Тоа го кажува владиниот портпарол, не го кажувам јас.

Во моментите кога ниеден закон немате прочитано и осум месеци не сте се јавиле за ниедна дискусија, туку имате една иста реплика што ви кружи меѓу четирите пратеници, ја читате, не очекувајте дека некој ќе ве послуша, па навистина ќе излезе кога ќе дискутираат пратениците од СДСМ. Пратениците од СДСМ секогаш ќе се борат да се носат закони согласно Уставот и кои ќе бидат во интерес на граѓаните. За жал ДПА нема ниту еден градоначалник па да се секира како овој закон ќе се спроведува.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Навистина нема потреба да докажуваме, ниту јас ниту било кој пратеник од СДСМ дека целта ни е да донесеме подобар закон.

Повеќе пати во досегашните дискусии, иако изгледа дека ние сме најзагрижени за носење на овој закон, што жалам што е така, бидејќи тврдам дека и парламентарното мнозинство ако го прочита, сите амандмани ќе беа прифатени без дилеми, а министерот, уште еднаш ќе повторам,

најдобро е да го повлече законот, да го стави во една стандардна процедура заради тоа што и самиот има изјавено дека еден од најважните закони на патот кон ЕУ, на Република Македонија, е локалната самоуправа.

Почитуван министре, мислам дека не треба да имате размислување дали членот 5 треба да се избрише. И останатите колеги зборуваа за тоа, меѓутоа, ве замолувам да го разгледате кој сакате елемемент, еве апсурдот дека ставот 5 навистина треба да гласи вака - листата на подрачја со специфични развојни потреби е составен дел на Програмата за спроведување на просторниот план на Република Македонија која се ревидира секоја втора година. Значи како може да си дозволи да има алинеја во која ќе стои дека листата на подрачја со специфични развојни потреби се ревидира секоја петта година. Ве молам, просторниот план значи се ревидира секоја втора година, мандатот на градоначалниците и на советниците е четири години, вие нудите проект во кој ќе се мери развојот или специфичниот регион секоја петта година. Тоа е апсурд. Тоа е спротивно токму на она што вие го кажавте. Вие го цитиравте член 8. Вие велите во Законот, сте предложиле дека планските документи се усогласуваат со Просторниот план на Република Македонија. Зошто не го направите токму тоа. Усоласете го. Овде не го усогласувате вие.

Сега, за клизиштата и слични нешта за кои, навистина многу не ви замерам вас, меѓутоа на луѓето кои ве советуваат така да зборувате и сакам да ги потсетам дека овие исти пратеници овде, овој законодавен дом расправа и паралелно со овој закон и оваа работа уште за еден друг закон, а тоа е Законот за финансирање на локална самоуправа. И таму во член 15, во новите измени и дополнувања стојат во наредните мерки и употреба на финансиски средства за такви случаи за кои вие зборувате, клизиште и други елементарни непогоди.

Ве молам, земете го Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во членот 2 во кој вели - Просторниот план како највисок долгорочен интегрален документ, имаа трајна вредност.

Членот 3 вели: - Владата на Република Македонија на предлог на Министерството, за работите на просторното планирање, донесува програма за спроведување на просторниот план. Со програмата се определуваат мерките и активностите за спроведување на просторниот план, приоритетните активности, организационата сруктура и органите надлежни за спроведување на Просторниот план, содржината и степенот на обработка на податоците и финансиските средства потребни за спроведување на предвидените активности. Програмата од овој член се донесува за периодот од најмалку две години.

Ако е тоа така, просторниот план се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачјам за кои вие сакате да зборуваме, од посебен интерес и просторни планови на општините и градот Скопје. Ако е тоа така, зошто тогаш, почитуван министер, во една ваша изјава велите дека пред почетокот на усогласување и усвојување на Законот за регионален развој во Република Македонија, министерска екипа или екипа на експерти изработиле стратегија и плански програми, што е стандардна процедура и во сите други земји кои имаат слични вакви закони, меѓутоа реални, сериозни и тешки, а не вака како што е поставен нашиот закон, наопаку. Значи, пред почетокот, се согласувам со усвојување на овој закон, дека треба да имаме стратегија и да имаме плански програми. Зошто? Од едноставна причина, што стратегијата е документ кој во себе мора да вклучи, значи во себе мора да го вклучи економскиот развој, стопанскиот развој и нормално, стратегија за намалување на сиромаштијата во одредени подрачја во државата. Зошто? Затоа што Република Македонија сите знаеме дека е земја со голем диспаритет во регионалниот развој. Неои региони во Република Македонија, така како што вие ги давате се за во 21 век, меѓутоа, верувајте, има региони кои се и за во средниот век. Со ваков закон ние тешко дека ќе се движиме, минатиот пат зборував колкава е стапката на тоа движење и на тој раст, тешко дека ќе стигнеме во Европа.

Ако зборуваме од еден друг сегмент, бидејќи навистина ставот 5 треба да биде избришан, почитуван министер мора да покажете малку разбирање за темата, да им олесните и на другите пратеници дека носиме еден сериозен закон за кој мислам дека тешко кој во ова Собрание ќе излезе на говорница, може да се јавуваат за реплики колку сакаат, меѓутоа тешко дека некој ќе се јави од говорница и да каже, да даде точна дефиниција за неразвиено подрачје во Република Македонија. Со ниеден збор не е кажано за староста на населението, за густината и тн., како елементи, што само делови сте препишале од Законот за недоволно развиени подрачја од 1994 година и ништо повеќе од тоа. Жалам што експертите со звучни имиња си дозволиле ваков закон воопшто да влезе во собраниска процедура.

Уште еднаш замолувам и тврдам дека листата на подрачја, на специфични региони, развојни потреби, како сакате, е составен дел на Програмата за спроведување на Просторниот план на Република Македонија кој се ревидира секоја втора година. Не може базниот закон да се ревидира секоја втора година, а оние кои се надградба да се ревидираат секоја петта. Тоа е апсурд. Токму од тие причини замолувам овој амандман да биде прифатен. Благодрам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави министерот за локална самоуправа Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Добро е што ги пратите моите изјави, меѓутоа не е добро што лошо ги интерпретирате. Значи, никогш не сум кажал дека сме направиле стратегија за рамномерен регионален развој или дека сме ги подготвиле планските документи. Имам кажано дека почнавме со изработка на стратегија за рамномерен регионален развој, а врз основа на таа стратегија ќе бидат направени планските програми односно планските документи.

Сега не можам да ве разбирам, од една страна кажувате дека треба да се повлече законот, од друга страна да ви ги прифатам амандманите кои, патем кажано, сте ги направиле за два часа. Значи ќе не убедите сите нас тука во Владата дека вашите амандмани направени за два часа се толку суштински и добро обмислени што ние треба да ви поверуваме и да ги прифатиме. Мислам дека треба да се доизјасните.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

За реплика се јавија господинот Макрадули, господинот Ќуркчиев и госпоѓа Бендевска.

Повелете господине Макрадули имате три минути реплика.

**Јани Макрадули:** Господине министер, од ДБК ли ви кажаа за колку часа ги подготвивме амандманите?

Заради индолентниот и недоговорен однос на министерот, во име на пратеничката група барам еден час пауза.

Кога ќе престане Владата да ги врега пратениците од опозицијата, тогаш можеме да разговараме. Инаку ваква небулозна изјава и коментарштo се случува овде во Собранието, навистина не можам да прифатам. Ако имате уште три дена министерување, смирете се малку.

Барам еден час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Давам еден час пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,37 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои не се во салата, да влезат во салата и да си ги заземат своите места наскоро продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со расправа по амандманот.

Процедурално интервенција има госпоѓа Славица Грковска.

Повелете три минути.

**Славица Грковска:** Благодарам почитуван претседателе.

Сакам да прашам каде е министерот.

**Љубиша Георгиевски:** Јас не прашувам каде е министерот, бидејќи тука го гледам заменикот и тоа е сосема легитимно да може да биде заменикот.

**Славица Грковска:** Претседателе, јас исто како вас гледам дека заменик министерот е тука и тоа не е спорно. Јас прашувам каде е министерот. Ако министерот сметаше дека може да излезе на говорница, да ја навреди опозицијата и потоа да не се појави заради тоа што се плаши наверојатно од реакцијата на опозицијата и затоа што наверојатно нема ниту аргументи, а уште помалку храброст да се соочи со нашата реакција, сметам дека станува збор за една ситуација во која што Собранието, или пратениците уште еднаш се ставаат во една подредена ситуација во однос на министрите и се става во ситуација секој министер, секој заменик министер да дојде тука, да ги навреди јавно пратениците, а потоа да си замине без трунка грижа на совест, или одговорност, или да почувствува потреба потоа да се соочи со нив во насока на извинување, илипак во насока на објаснување на неговата постапка.

Зата ве молам вас како претседател на Собранието еднаш за секогаш да ставите крај на ваквото недолично однесување од страна на министрите во Владата на Република Македонија. Затоа инсистирам, и вие да инсистирате министерот да се врати и да се соочи со аргументите и со нашата реакција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јас ја земам во предвид вашата процедурална интервенција, но како што знаете Деловнички ситуацијата е сосема чиста и јас предлагам да одиме со актуелните реплики, бидејќи токму од вашата пратеничка група има три актуелни реплики на чело со репликата на господин Никола Ќуркчиев.

Повелете господине Ќуркчиев, сега е вашиот ред.

**Никола Ѓуркчиев:** Јас барам збор.

**Љубиша Георгиевски:** Тогаш да провериме другите дали некој бараше реплика, па да имаме недоразбирање.

Значи, прозивам вака.

Госпоѓа Весна Бендевска, збор или реплика. (Збор).

Добро, збор.

Госпоѓа Славица Грковска вие се враќате за збор, ова ви беше процедурално. (Да)

Господин Зоран Петрески (уште не е дојден).

Добро. Имаме време.

Тогаш нема реплики и одиме со збор.

Господин Никола Ќуркчиев има збор по втор пат.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Точно претседателе, по втор пат се јавувам за збор по овој амандман од едноставна причина што и јас се придружувам кон колешката Славица Грковска и жалам што министерот не е присутен овде после неговите изјави кои што имавме можност да ги слушнеме пред паузата. Ценам дека некои работи треба да се појаснат, но од друга страна радосен сум, можеби со заменикот министер ќе имаме подобра соработка и подобро разбирање за амандманот за кој што зборуваме, како и за следните амандмани, и се надевам дека тој нема да ја повтори грешката и повторно да ја потцени пратеничката група на СДСМ дека подготвувала амандмани само дваипол часа и

дека тие согласно на тој термин се такви какви што се.

Сакам да го замолам заменикот министер да му пренесе на министерот дека ваков и слични закони се подготвуваат во Република Македонија малку од поодамна.

Првиот ваков, или работна верзија на ваков или сличен закон беше направен од господинот Џевдет Насуфи како министер за локална самоуправа, следниот министер од истата политичка партија, господинот Џемал Саити продолжи со разработка на тој проект и не успеа, или не успеаа јавноста да го види, меѓутоа како претседател на ЗЕЛС и како член и претседател на македонската делегација во Стразбург од 1996 година до 2000 година имав можност да ја добијам таа верзија од претседателот на Конгресот на локални и регионални власти во Стразбург.

Господинот Ризван Сулејмани во 2004 година исто така работеше на еден ваков проект, при што еден добар дел на експерти од Република Македонија водеа дебата и подготвуваа ваков или сличен закон, се разбира дека единствена разлика која што можеше да се воочи беше и се однесуваше само во насловот, но ризиците се најголеми токму во оваа конечна верзија на законот и токму нашите дискусии за жал со амандманите вакви какви што се сакаме да дадеме придонес до тоа тие ризици да се сведат на потребниот минимум, како би можеле сите ние како пратеници, без разлика дали сме позиција или опозиција да кажеме дека донесовме европски закон зад кој што стоиме сите ние. И нормална е критиката упатена најмногу до Министерството кое дозволува вакви, би рекол, конктрасти во законот кои што во еден дел се премногу детални, а од друга страна се премногу неприспособени кон локалните услови и искуства кои што ги има во Република Македонија.

Јас сакам да верувам дека еден ден и во догледна иднина Република Македонија ќе биде како и останатите европски држави иценам дека сите треба да дадеме придонес за подобрување на овој законски текст. Бидејќи, мора да признаеме дека со носењето на еден ваков закон од една страна ќе се уназади у развојот дури и онаму каде што го има, а од друга страна ќе ги закочиме сите оние општини кои што веќе аплицирале, кои што ја поминале селекцијата кај средствата и програмите на Европската комисија и меѓународните фондови и не би сакала да се свати погрешно, но да се има едноставно впечаток дека се почнува од јули 2006 година, ништо претходно немаше.

Токму затоа сакав да биде тука министерот, но што е тоа е.

Она што неминовно треба сите да го сватиме и да го разбереме е дека ваквиот закон ќе отвори прашања кои во моментов законот навидум ниту ги предвидува, ниту ги третира, меѓутоа дефинитивно општините со локалната самоуправа и локалната демократија ќе ги стави во втор план. Имено, јас и при првото читање на законот кажав дека ако има потреба би спомнал само две реченици од тоа.

Да ги отворам темите од типот дали Советот на региони ќе има свој статут, или зошто тоа прашање не е отворено и не е третирано. Кој и како ќе го носи истиот. Дали Советот на регионите ќе има меморандум, дали ќе има свој печат, свој грб, свое знаме. Кој и како ќе одлучи за употреба на јазиците. И сепак при вакви сериозни прашања мора да го сведеме ризикот на минимум, а не онака како што е дадено во ова предлог решение на законот дека начинот на работа на Советот за рамномерен регионален развој ќе се уредува со Деловник, ни еден збор повеќе. Кога ние ќе разговараме за ваквите теми? Откако ќе ни се случат несакани работи. Мислам дека за системски прашања не треба да има ниту позиција ниту опозиција во овој Парламент. Токму од тие причини почитуван заменик минситер ценам дека предложениот амандман ќе биде апсурд ако не се прифати од повеќе причини кои што веќе ги спомнавме. Реков недозволиво е Собранието секој две години да ја разгледува стратегијата, просторниот план на Република Македонија, а некој, регионалниот Совет секој пет години да ги оценува развиените или неразвиените подрачја во Република Македонија. Токму од тие причини ценам дека е неопходно потребно да има поголема вклученост од сите релевантни фактори кои што ја третираат материјата локална самоуправа и локлана демократија.

Можеби некој не е загрижен, можеби изгледа дека некој се плаши од поголема вклученост, меѓутоа секоја поголема вклученост носи и поголема одговорност, поголема отчетност, поголема отвореност. Ценам дека она што е неопходно да го направи во овој момент предлагачот е да свати дека она што го пишува и европските документи, еве ја и Белата книга, и таа препорачува дека она што е најпотребно во овој момент во земјите какви што сме ние е зајакната култура на консултирање и на дијалог. Ако ја имавме таа култура и тој дијалог сигурно денеска на ваков начин немаше да расправаме ни по предлогот на амандманите кои што навистина беа набрзина донесени, меѓутоа некој треба да суди и да цени зошто е тоа така, а од друга страна ценам дека нависитна ќе гоподобрат текстот во повеќе прилики.

Инаку, што се однесува до, бидејки минситерот пристигна должен сум да кажам и да се извинам, во моето прво обраќање реков дека експертски групи изработиле стратегија и плански програми, реков дека е тоа стандардна процедура која што ја работат и другите земји пред да донесат ваков или сличен закон, меѓутоа еве и јавно да му се извинам на министерот кој што ме поправи и кажа не е донесена стратегија, туку се изработува стратегија, што од друга страна нормално го прифаќам неговото извинување дека е уранет законот и дека требало да се изработи таа стратегија, требало да се направат планските

програми, да видиме кои се елементи ги третира таа стратегија, а веќе спомнав дека не можеме да зборуваме за стратегија за намалување на сиромаштијата, зголемвување на економскиот развој и стопанскиот развој без стратегија која што како документ ќе претходи на еден вака сериозен закон.

Од тие причини ваквиот закон тврдам дека само ќе го зголеми диспаритетот во регионалниот развој во Република Македонија, а никао нема да го намали особено во делот каде што спомнав дека фали култура на консултирање и т.н., но се надевам дека ќе имам прилика и поостанатите амандмани да кажам нешто повеќе за тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Агим Рамадани, повелете вашите три минути.

**Агим Рамадани:** Благодарам господин претседателе.

На почитуваниот Ќуркчиев ќе му посочам дека овие претпоставки за неможност за делување во локално ниво на Советот за плански развој убаво ги пишува сите елементи во членот 20 каде децидно ги кажува задачите, правата и можностите кои треба и може да ги имплементира овој Совет. Тоа се меѓу другите, ќе прочитам од самиот член делови:

-донесува годишен акционен план за спроведување на програмата за развој на планскиот регион. Значи планот го носи Советот на локално ниво.

-Второ, потврдува годишна листа на Предлог проекти за развој на регионот согласно со приоритетите во програмата за развој на планскиот регион кои се доставуваат до Бирото за регионален развој, за финансирање од средствата наменети за проекти за развој на планскиот регион и вашата дилема што се однесува до јазичната застапеност или начино ти употребата и нивото на употреба на јазиците, тука ви е и поголемата дилема и грижа, јас ќе ве уверам дека овој закон е изготвен врз база на принципите на Европската унија и до колку имаме среќа како држава да влеземе во Европската унија, а се надеваме дека сите сакаме таму и ние, и вие и други држави на Балканот, сигурен сум дека господинот Ќуркчиев своите материјали, сите дилеми ќе му бидат расчистени и него и мене, мене на македонски, него на албански заради тоа што знае европската заедница да ги почитува регионалните категории на говорни јазици по однос на тоа дека идеме кон Европа без граници, што значи дека таму каде е албанско подрачје сонаселение од албанска националност, од македонска, од бугарска, од српска, било каде на Балканот ќе го достави материјалот на тој начин. Така да во тој дел немојте многу да се грижите, камо среќа да влеземе во Европа, па таму ќе биде за сите мир.

На крај на господинот кординатор ваш ќе му кажам дека пратеничката група на ДПА не рпави реплики со однапред изготвен текст, што значи дека треба да му кажам дека сега не читам некоја реплика што сум ја добил од партиското раководство, или од моите колеги, туку читам еден дел од законот и реплицирам на една категорија која ја изнесе вашиот колега. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете контра реплика господин Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:**Благодарам претседателе, почитуван колега Рамадани.

Мене не ми изгледа многу страшно или неприродно кога коалиционите партнери се договараат и ги усогласуваат своите ставови бараат пат да додје до заедничко решение или заеднички прифатливо решение за одреден проблем или прашање, меѓутоа неприродно, или страшно за државата и граѓаните е кога тие тоа го прават за сметка на државните интереси и на штета на граѓаните. Благодара,

**Љубиша Георгиевски:** На ред е госпоѓа Весна Бендевска.

Ќе земете збор сега, за овие две минути или по паузата за ручек.

**Весна Бендевска:** Доволни ми се две минути.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Весна Бендевска:** Морам да изреагирам околу амандманите кои што ги спомена господинот министер, не во форма на реплика туку воопшто.

Морам да признам дека вака ќе го започнев мојот говор. Доказ колку вредат нашите амандмани е бегството на почитуваниот министер за локална самоуправа. Но, за жал министерот ме демантираше.

Се надевам дека ќе ги образложи документите. Два дена ве прашуваме господине министер да одговорите на конкретни прашања. Два дена вие одмолчувате,не давате одговори на нашите рпашања. Очигледно е дека пред нас сте доставиле Предлог закон, а пред силата на аргументите кои ги нудиме во нашите амандмани не можете да се спротивставите. Вие немате контра аргументи да кажете зошто Собранието не треба да биде тоа кое ќе ги одредува и планските региони и листата на подрачја со специфични различни потреби кога согласно Уставот, една од ингеренциите на Собранието е да го донесува просторниот план, кој е инаку и главна поента на нашиот понуден амандман.

Кога веќе Собранието го донесува планот тогаш планот го спроведува Владата на Република Македонија согласно законот за спроведување на просторниот план. Значи, мотив повеќе да добиеме подршка за овој амандман и од страна на минситерот, а и од страна на владеачкото мнозинство е токму тоа - уставната поткрепеност на нашиот амандман. Значи листата на подрачја со специфични развојни потреби би морала да биде составен дел на програмата за спроведување на просторниот план на Република Македонија донесен од Собранието на Република Македонија, а спроведуван од извршната валст

однсоно од Владата на Република Македонија преку сопственото министерство.

До колку имате аргумент повелете господине министер да дебатираме, инаку можете или да дебатираме или повторно да ја напуштите салата. Благодарам.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

За збор се јави минситерот за локална самоуправа. Повелете.

**Зоран Коњановски:** Еве јас дојдов тука да дебатираме, а тоа што десет минути не бев во салата не значи дека бегам од конкретни одговори. Напротив, можеби очекувавте да ви одговорам дека некои прашања не заслужуваат одговор, меѓутоа мислам дека сум доста по културен и ќе се обидам да ме разберете и да ме сватите.

Значи, најголемиот аргумент зошто Владата ја носи стратегијата, зошто Владата ги носи програмите, зошто Владата ја определува лситата на предлог на Советот за рамномерен регионален развој каде што фактички членуваат градоначалниците значи ќе можеме да размениме и аргимент е тоа дека ако овде се носи тоа во Парламентот ќе сакаат сите планско развојни региони во сите свои програми, во сите клучни плански документи, во сите стратегии да имаат можеби во секој регион аеродроми, можеби во секој регион карго аеродроми и т.н., а тоа не е во согласност со просторниот план на Република Македонија, тоа е не е во согласност со структурните политики на одредени минситерства. Благодарам.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,02 часоот)

(По паузата)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Има збор пратеник господин Николов Марјанч, повелете.

**Марјанчо Николов:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, оние кои се присутни, почитуван министер.

Јас не се јавив за збор по амандманот, се јавив за реплика на говорот на министерот по однос на овој амандман или образложението кое што ни го даваше.

**Иван Анастасовски:** Тогаш, се извинувам, бидејќи јас ви дадов збор, незнаејќи тоа беше пред паузата, па сега имате реплика, бидејќи времето мора да се мери.

Значи, три минути реплика пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Се јавив за реплика, бидејќи претходно колешката го праша министерот зошто аргументирано не настапува во одбрана на амандманите, оние што ги одбија. Министерот си зеде за право и објасни дека главната причина, поради која што не се прифаќаат амандманите на опозицијата, посебно на оние кои што се однесуваат на голем дел од проектите или документите кои што се однесуваат на рамномерниот регионален развој да бидат во надлежност за донесување на Собранието, министерот даде образложение дека тоа е така направено, затоа што да се избегнело поширока дебата за клучните документи и проекти кои што се предвидувале за рамномерен регионален развој. Овде во Парламентот секој пратеник да не си влечел проекти за својот регион. Не е тука претседателот на Собранието, за жал, да му упатам заблешка, бидејќи не знам по кој пат министри си дозволуваат да го деградираат ова Собрание и да ја деградираат позицијата на нас пратениците и не знам по кој пат треба да се објаснува дека ние ја бираме Владата на Република Македонија. Во Уставот стои дека вршиме надзор и контрола на оние кои што сме ги избрале. Исто така, стои дека пратениците одлучуваат по сопствено убедување. Она што сега се случува во нашето Собрание во овој период, ниту ние ја контролираме Владата, туку таа не контролира нас, ниту пратениците од владеачкото мнозинство можат да дебатираат и да решаваат по сопствена волја и убедување. Да го смениме Уставот и да пишеме дека Владата го бира Собранието и дека Владата врши контрола и надзор на работата на Собранието и дека пратениците гласаат како што ќе им каже Владата. Мислам дека образложението не држи и би му препорачал на министерот, ако има аргументи да ги употреби во дебатата по амандманите, а доколу нема аргументи, на некој начин подобро е и да не се јавува за збор.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата, ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам службите да го утврдиме бројот на пратениците кои се присутни во салата.

Почитувани колеги, бидејќи сум информиран за тоа дека Комисијата за надворешна политика има активности во Уставна сала, до завршување на нивните активности, објавувам пауза, претпоставувам тоа нема да биде подолго од она што е деловнички дозволено. Ви благодарам.

(По паузата седницата продолжи во 15.50 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласањето.

Почитувани колеги, бидејќи имавме и пауза да ја видиме информацијата со пратениците од Комисијата за надворешни работи, а и во салата нема доволен број на пратеници за гласање, овде ја прекинувам денешната работа.

Продолжуваме утре со гласање во 11,00 часот и за ваше информирање утре седницата ќе трае до 15,00 часот без пауза за ручек, бидејќи има

Манифестација овде во Собранието по 15,00 часот. Ви благодарам.

(Седницата прекина во 16,03 часот)